Љупчо Стојановски

# ШЕТАЧ НА ГРАФЕМИ

**Скопје 2006**

*На Илина*

**Модрини**

*За оние кои веруваат*
*Се симнаа ѕвездите*
*да се напијат убавина*
*нечујно по стапките*
*на камената софра*
*раздробена до искон*
*копајќи го молкот*

# ПАТЕКИ

## ТРОТОАР

Како да знаат сите
Што скрива молчењето
Минувачите ме гледаат
Меѓу себе
Минувам
Барам нешто по џебовите
Болни од раце отпаднати
Палци ги стегаат
Се вртам
Изгубеното лице го викам
По излозите што чекорат

# ЗА ДА СЕ УСПИЈАТ ЅИДОВИТЕ
*На тетка Нада

Бели штици
Една крај друга
Помеѓу празнина
И по некоја чаша одозгора
Во мракот
По звукот само различна
Жена
Сама
Црна шамија
Зад мрежа што одвојува
Недалеку од својата градина
Исушени саксии
На минување со попладнево
Желба за молчење
Крај оние што зборуваат
Со малку внимание изнудено
Додека сите не отидат
Додека не престане музикава вечерна
Додека не остане сама
Како соба во соба
За да се успијат ѕидовите

## ПРАШУВАМ КОЛКУ Е ЧАСОТ

Немирен ден
Јаболка во канта за ѓубре
на зелениот пазар
Лимунаџија без работа по ладно време
Стар човек бутка детска количка
Натоварена со вага за точно мерење
Пушачи на автобуска
Изгазена патека за двајца
Преку тревата
Покрај факултетот
По улицата
Долу
Кон паркот
Каде паѓаат костени по глава

## ПОВИК

Го заборавив попладнево
Чудна османост во музиката на воздухот
Во близината отидовме дотаму
Безјазик
Кошулата ти беше влажна
Брегот прекриен со сенка од бран
Рибите не прислушуваа

## ПРИБЕГНУВАМ

Харфа од пајажина
Ме лизга
Кон центарот на годините
Кој им ја подари крвта на жиците
Пееше воздухот
Над  железото
Солзи р´ѓосани
Зошто плачеш
Бела прав
Испарена мисла
Се збогуваш ли со она што го нема ?

## КОПНЕЖ

Слизнувам од рацете
Од грубите допирања
Се качувам по капките
По големиот осамен бран
Гледам се одеднаш
Со зелено срце
Веќе сум горе
Откинав небо
И ... еве паѓам
На песокот
Крајот на виножитото
Е во очите

## МАГЛИНА

Надоаѓа
По течение
Сребрен камен
На издив
Цвет од алга распослал
Триада од древна магија
Воздива
Водено поле мириса
Рибите љубоморни

## ЖЕНА НА ПЛОЧНИКОТ

Жена на плочникот
Покрај реката до мостот
Нејзините години
Нешто повеќе од триесет
Завртена на стомак
Со мала баричка под фустанот
Кој се цеди
Весници преку лице и
Тиња во згаснатата коса
Собрани љубопитни минувачи
Кои чекаат што ќе биде понатаму
И новите кои приоѓаат
Прашувајќи што станало
Што се случило
Деца кои трчаат од центарот
Пензионери со хроника на денот
Домаќинки со корпи за озборување

# ЛУЃЕ ОД МОЈАТА УЛИЦА ИЛИ УТРО ВО ПИЖАМИ

Маж и жена се
Договараат
Како да преживеат
Собирајќи хартија
Стари весници
И картонски кутии
Го молат шефот на самопослугата
Да им даде јаже
За да го врзат товарот
И количката на три тркала
Утро е
Се уште се во пижами
Буткаат мажот и жената
Кон периферијата на градот
Кон отпадот за хартија
Три динари килограм
Тој со палто одозгора
И со некој шал околу вратот
Таа со разбушавена коса
Жолт гердан и
Мантил за дожд

## ЛИМЕНКА

Утрово истекуваше
Низ капак на лименка
Денот расечен на половина
Вруќ леб
Мириса на глад
Мислите забодени со крфици
Пеперутки по ѕидови
На пат сум кон гонење близина
Закоравеност на тело
Во место
Разиграно во лилјаковата трева
Искосена

## КЛУПА

Автобусот е расипан
Линијата е прекината
Прашањата ги преместувам
Нова адреса
Овој мртов момент
Модар и болен уште од почетокот
Победен во желбата за враќање
Како засадените мириси под пазувите
Што ги носевте ти и околината
Подеднакво растргнати во правците
На познатите
Ја посакувам крвта на војниците
Кои чекорат лесно и минуваат
Под твојот прозорец незабележано
Посакувам барем уште еднаш
Да седнам во тишината на паркот
И со часови да ги гледам
Бројот на улицата
Насловот на кафеаната "Озаљ"
Телефонската говорница

## ИВО БЕШЕ НАДВОР

Меана крај патот
Во едно село на Истра
Газдарицата точи
Опорно вино
Луѓето немаат каде
Проаѓа воз
Значи десет е часот
И сите одат на спиење
Само уметниците
Остануваат крај огнот

## АВЕ МАРИЈА

Останаа оргулите на Савиченто
Се уште пеат за тебе
Минатата година
Испрати студен ноември
Во катедралата полна со опатици
Христос во рацете
Распнат на обичен раб
Не ја слуша песната
Тој ден
Девојката
Во зборот ја бараше
Тишината

## ПРЕВРТЕНИОТ РЕСТОРАН

Чадори шетаат раце
Капки бегаат од палта
Влакната на главите
Ги скокоткаат капите
Чадот и се одмазди
На солзата
Потпетиците разговараат
Со асфалтот
Превртениот ресторан
И љубоморниот прозорец
Ги сликаат минувачите
Додека столот седи врз мене
Зборувам со нешто друго
Чашите прокиснуваат
Цигарите се душат

## ПАТ

Никој
Не знаеше дека стојам
Зад мракот
И дека набљудувам
Чекав труби наместо петли
И свиреа
Слабо низ далечина
А не престануваа
До донесеното утро
Пред очите
Почнува опој
Паѓаат заби преку ноќ
Вода
Се разбудив во дожд

## СОНЛИВИ КУТИИ

*
Раскрсница е
Пеш одат
Сонливи кутии
На крштевање

*

Одам
Што побрзо да се вратам
Ги шутирам капките
И викам
Стојам на дожд
Пишувам на дланка

*

Стара жена во шамија
Седи отспротива
Пие пиво
Удира по столот
Клима со глава
Зборува некому

*

Пеперутка во чаша
Игра во пена од пиво
Од еден агол
Умеам да ја видам

*

Кралски пат
Позлатен чека
Воин бос
Жена и дете
Бел брод
Полн страсти
Безглаво јури
Пиони живи
Од восок жолт
Излеани

*

Бело око
Крваво изродено
Ирисот јадел
Јалов допир
Што видела
Понорницата
Реката
Рекла
Огледала

*

Цигарата на работ од столот
И ветерот преку прозорецот
Ги фрлаат несигурните долу
На подот
На подот
Каде лежејќи се се доживува

*

Пожар без оган
Камена шума
Во сино гнездо
Илјада крилја
Скротена ноќ
Кован глас

*

Не се јавувам
Денов е отруен
Оловен свод
Малата куќа
Сведоштво
Липи

*

Во двте очи можам да погледнам
Во едното можам да видам
И што сум видел
Да можам
Да заборавам

*

Секоја капка
Мртов глас на човек
Вирот запален од игра на Сонца
Очиве побелеа
Водопад сум и паѓам
Или сум дете со радио во рацете
Кое се тркала со водата

*

Жолта земја
И една старица во шамија
Боса загледена во Исток
Чекори кон браздата
Кон својата нива
Каде ќе се запали
Со копите слама
Од своето жито

*

Во градите земја
Обоена горчина
Тркалезен зрак
Испишува мисли
Темно кафеникава прашина
Собира погледи
Кон внатрешен крик

*
Визија
Искачена на кат
Хотел
Недоволен повод
За скокање во песна

*

Гаврани и чавки
Се капат во снег
Кружат од студенила
Уморни од црнина

*

Конкрецијо
Лукрецијо
Што бараш
Оплодена да си
Со слабости
Ситоста
Гуши

*

Шум шумоли
Ветер пошти
Обувките санки
Ноќта мазна
Месечината угоре
Недоглед
Побелени солзи рони
Вистина е
Плачот и беше замрзнат

*

Не било да се имаме во крв
Потроши ја последната свеќа
И молчи
Не те прашува
Суеверноста подари ја
На уморните селани

*

Черепи
Извезени немири
За́ртиле семе
Место дождот
Шарени капки
Да берат

*

Облаци
Котлина во душевни талози
Облаци и притиснати покриви
Затворен град
Големо исчекување
И еве повторно врне

*

На старата бреза пред умирање
Проѕирни светли топченца
Ги враќаат погледите и радоста
Во сеќавања
Со трева
Низ луѓе
Во убавина облечена
Во ноќ
Во дожд

*

Влезе
Низ железната порта
Во дворот
Полн со палмини семки
Го тргна пердето на ќепенците
Ја собра бојата
На паднатото лисје и
Отрча во ателјето
Да ја наслика есента

*

Сув пат до скриените немири
Усните да ракоплескаат
Чашите неразбирливо
Да мрморат

*

Кога денот
Ноќта ја изневери
Облаци залунѕани
Патуваат со мислите
Кога гласот
Од грло не излегува
Туѓ неспокој
Скита по главите
Во себе
Пеат дамарите

*

Во ушите ветер
Затворен
Скриен во страв
Покиснат од дождот
Што го слуша

*

Се е околу мене
Далечина
Едно посегнување
Поглед или ракување
Внатре
Необично празно

*

Мостот се измолкнува
Нозете пропаѓаат
Рекава
Носи

*

Потсвеста ме лаже
Со нианси на акорди
Ѕидовите дишат
Цела ноќ
Долга ноќ
Ѕидовите дишат

*

Да здишам сол излегува
Црна страст па пече
Тивко нема треба спознавам
Останувам без борба

*

Остареа свирачите
На усни хармоники
И сега шетаат по кафеани
Свирејќи за пијалок
Песни што не ги сакаат

*

Долго
Се затскривам
Во дремливоста
Траам
За да се разбудам
Поразен од сонот

# МОДРИНИ

## КОБ

Едрата во страв
Го фатија ветрот
Во прељуба со брановите
Го оковаа на јарболот
Изгребан од канџите
На белите птици
Ги искинаа синџирите
На котвата
Ги истегнаа јажињата
По кои висеше огулена кожа
И го отиснаа коработ
Да го однесе лицето и сугестијата
Во неслутени предели

## НАСОКА

Дише бранот
Пропаѓаме заедно
Далеку од брегот
Хоризонтот во телото прекршен
Осамено синило
Отчукува заборавено
И уште еднаш
И посилно
Истите денови потсмешливи
Во страв и прекор
Кон мирната вода

## ПРОКОБА

Еден чекор напред
Неминовна стапка на оваа
Новонаселена стварност
Белина прокопана низ вдишувања
Распознај ме ти кој не си ме видел
Во гласот на неочекуваниот тон
Кој ќе допре одненадеж
Меѓусекунда во редослед
Препознај ме
Тежина сум потпрена на нозе
Што ги брои капките
Малку во место и повторно
Неминовна стапка на нова
Новонаселена стварност
Белина прокобана низ вдишувања

## ТИПИК

Немоќ победена во обид
Раскош заситена во себе
Подвижно лицемерие на битие
Во секој дел неиздржан стих
Незаситен одметник
Во грч и сигурност
Да го запишам она што бега
Разводенета логика на пијан човек
Постела и напуштени куќи
Незадоволство на трезвен поданик
Религија на музичка стварност
Години на смртта распнати на тел
Капка која се противи
На редоследот и стихијата
Зелена вода што испарува
Избришано дишење
Револт издигнат до ѕвезден крвоток
Задушена топлина
Прерано доживеано детство

## ВЕРБА

Распорувај гуштеру
Вовлечен несетено во постелава
Нема да ткаеме долго
Без замисленото Сонце
Вовлечени во карпите далеку сме
Многу колнежи на татковците идни
Молчаливи очи гледам
По должината на иста мисла во низа
До каде се мириса здивот
А звукот на твојата кожа
Кажува дека си во нас
Вооблечен во животно
Зелена голотија што пресоздава чекања
Порака во искинати срца
Како сини искрвавени соѕвездија

# ЈАД

Во бел сокак
Разголено пладне
Мразулци во очи
И здив вон себе
Прашина од млеко
Или дождец паѓа
А патот исплукано крвје
Срца во чевли
Жолта реа на утроба
Шапки полни очи набрани
Шатаат и довикуваат амали
Раце нема куферите ги скинаа
Петиците во калдрма се претворија
Сиот смев на просторот
Осило глинено
Солизите да не из´ртат маѓепсано Око
Во дремливост и тишина
Боите се надмудруваат
Глувонеми слики да родат
Стаклени фиоки во умот
Светлост окована
Златни џебови закрпи
Полни конци неспокој

## БЕЗДНА

Се е тука
Тврдо и одбивно
Шума со два брега
Понира низ жолти прстени
Алки живи
Бели глуварки
Врз глава
И бол во себе
И вон себе
И вкочанет
И маглив
Заледен облак од млеко
Дамари до крв
До небо ехо
Само воздухот
Бојата ја сменил

## С.Т.

Одот
Говори низ уши
Мирисите се длабоко внатре
Беспросторен
Луциден
Ѓаволски цвет
Раѓа бои
Жолти созвучја
Облечени во сигнали
Реквием
Вратоврски
И обесени глави
Петолиние од зраци
Проѕирна Земја
Секој глас
Забодено знаме
Светулки во игра
Лебдат низ конци
Извезено умирање
На Мртво

## ЧЕРЕПОТ ДАРУВА

Вез везе везилка
Сон сонува
Во сонот се будам
Умирам
Не се сеќава
Не бил да биде
Шепотат зелени рипчиња
Изгризано
Внатрешно око
Срамот не гледа
Прстот не влегува
Заби пропаѓаат
Скинат дожд
Затворам
Покрив
Златни игли
Во грло пеат
Монистра од очи
Риби
Слепи живоротки
Вода се лее
Русалка мириса
Пат простира
Свиен фетус
Сонува тишина
Зборови

Удавени
Девојḱи
Ноḱ
Голи
Постели
Посеале
Шуми
Немири

## МАЛА ПТИЦА

Друг избор немам
Ќе чекам
Дрвото да проговори со
Неразговетен јазик
На лисја во зима
Ќе седам крај прозорецот
Мислејќи дека топлината
На твоето тело е во
Оваа мала птица
Што ја држам во рацете

## МОДРИНИ

Што знае
За несила сила
Крајот води
Збори
Ако кренеш раце
Воздух да видиш
Бел е
Влече
Удолу
Туѓо ослепело
Што било
Склоно
Паднало

Копрена груба мазлива насликала заблуда во изгор зраци врз глава
сокак стапка изодена ѕид порта доила

Да кажеш глас
Бил па небил
Биен да е умот што заробил
Блискост нуди резбозбор
Штом лаже мисла
Окотило око отров
И другите ги труе

*Ветру*
*Прости и на слабоста*
*Разнесена коб*
*И не е една*
*Пустина*
*Без зрна*
***Љубов***

***1981***

## ШЕТАЧ НА ГРАФЕМИ

## УЛИЦИ И УЛИКСИ
## ЧЕКААТ ЛУЃЕ ЧОВЕК

Има, Александар еден на "Плато"
Брадесто пркоси спроти филозофскиот
крај "Кнез Михајлова" во Белград
По "Сараевска" угоре што броди
Во домот свој "Свети Никола" го слави
Тајно за блиските бродоломници
По ѕидовите во фотографии закачени
Ко миг со крфица верно мигови крви
Дотаму стига
Ко мојата песна за Соња
Што тоне по Дунав, а се уште плови
Ко Весна со "Косанчиќев венец" на глава
Без број, тивко, безгласно...
Ко срна што страви тропот што солзи
Надеж без збороj
Со љубов милост што носи
Што расте што чека љубов да роди.

Улики и восклици
Улици со лица драги чекорат
Чекаат да дочекаат
Да испратат да слушнат да дослушнат
Да разберат ако можат да им испратат
На намерниците нарамени со несигурност и страв,
во целофан свиткан "добар пат".

А отпосле умува умот да знае
Те претслушнале пред да им дојдеш
Ко прост број подведен под еден
Ко првиот што конобареше врз Андриќ
Во "Француска" 7
ко нашиот Јоле што го Почу Шопов на "М.Горки"
Во сон воден Водно го сумил
Во приказ на друг човек
Што слика слики во умот
Па ги бацува рацете свои ко пролетен нарцис
Ко испролетена бреза
Облечена во отпупок на зелена свила
Со бело кафена пантлика што чека врзувалка

***Наум**

Што ги видов,што ги најдов
Што слушнав што коопнеев да видам
Сами со себе било да бидат ...
За мене слика за нив ...
Неум е мојата слабост
ги носам  колку можам
векот во смртта бил бремен.

## ДРАГОМАН

Вестите ти ги вестам а не те гледам
Човеку ти кој корењата од куќата таткова
Ги мирисаш  саноќ

Ги вадиш па ги враќаш да не би ја сменил драмата

Ги вардиш
А се е исто
Само нас не нема
Предметите предметуваат
Куќите стојат на нозе
Облечени во едночинки
Оџаците црнат чад од
Дамнешни проклетија одречени

***Поум:**

Други непознти ликови
Ја играат нашата мена
Без предумисла

## ПРОШТАЛНА РЕКА

Што ја гледам - што ме гледа,
како тече или течам.
Дали врвам или врбјам,
ко лист врбов што посега река.
Протекува или течам живот што нема.

Два пати
креветов солзи.
На Шумадинска.
Оној стариот со груб мебелен штоф
во вишнова боја без мадрак,
во соба со музејска старост,
прекриена со пререк.

Исто е ...
Болот сам од очите низ вратот тече.

Сува река, што далнее, што нема вратеж,
а бара да траеш со знак на невек.

***Заум**

Камо ти сила ?
(камо ти лажна радост - за кого - за кому)

## ИСПРОВЕД

Вежбав многу пред да се облачам
во плашт од ништавило
пред невидливо огледало
И сплинот на Бодлер ми е сведок
ко зглупавена недела
А ја ускратував  свеста
Во логички курцшлус
Трчав небивање
Лазев мрзеливост
Скокав во екстремни егзалтации
И пак ништо не се случи
А чекав лудо до себе
Да ми дојде бев појден
Тоа што сакав да траам да оттраам
Бил суетен лик на лична драма
Што ме следи ко сенка измама
Вечноста е лепило на свеста
Само полнотијата на Парменид трае
Слеп копнеж  што жеднее
Родилка што го труе родот
На жолти лисја со закачен восхит
Летам ко глуварка празна во себе

## СЛИКАТАСЛИКАВОСЛИК

Дали е
Каде е
Весна
Дали е Весна Португалија
Или Дали знаеше која е Гала
која е Дива
Која е  таа жена што дава сила
Има Јаловици за памет
Има Јаловици за намет
Има Јаловици за помет
и ја задржа заради суетна сила

Дали е во Португалија да го оддржи зборот
да ја одигра улогата што ја гради
или е  во себе, во она мрачно мене
што лаже надеж
Во некој што не го знам
со драма на Кеиџ
на постмодернист со идентична нагонска сила
Се фалевме со песни за живот
Срцевина со корупка без семки
без  зелен венец

Не знаев кога е часот и за што и се е филмот
Дали видеото кое нема "севременска" трајност
освен здив и бакнеж е  нешто што никогаш го нема
Илузија на прасок од наша умост и друга сила
која е играта на Паскал
бесрамен Сплин или сфатена немошт
Или игра на  Creativa lucida

Кога немаше ништо
се очовечував
сатирска е внатрешната боја
ме гризеш култивирано
ендемска поза во кревет од латици

И да сум те барал
Ако не си знаела
како да не сум те барал
како да не сум те имал
како да не сме биле
како да не сме живееле
Освен во сон
освен во збор
освен во тага која бара лик
а ликот е воздух ишаран во бои
Сликатасликавослик
И ако сум те викал најегоистично
кога само мене ми Требаш
Ако не си ме слушнала
како да не сум викал

Твоите ставови беа благи
За жена која знае зошто живее
моите магли во род и изгрев беа број

и немоќни за слика
Моите таги беа двојни рамки...
Беа се што не е едно ехо
Го смислил некој друг
Мојата слабост се моите
стари млади
мојата љубовна слика е округло лице
на девојче од "Огњан Прица"
на црвени образи од  зад аголот
кој не агол туку С кривина

## ПРЕКУТРУПА

Нема прекутрупа
Само пеш
да се види пределот
да се помириса вкусот пред џвакот

Пеш до песна се стигнува
пеш до смртта
А оттаму или дотаму може и со санки
со прапорци блех музика "кочанибенд"
со стилист на "Бриколаж"
секому по волја и умеење

## ЉУБОВНАБОВ

Илјада степени претурам по дланки
Огномет од гласови во бои
Дур да изгори болта во пепел
Без чад, без мирис, без спомен ...

***Наум**

Се што боде ќе го одбодам
Се што срчи и сече ќе го освенам
Со мед од Карпино непцава ќе ги обложам
Илузија на слики го полнат
Светот и мојот и твојот
Вода што го пие гласот молкум
Во златен самрак  полевав пејсаж
Да роди род во изгрев
Во грев се прашам
Каде е човекот што вети довек ?

## САМОСВЕТ

Самоцвет
Самосвест
Веставестивест

Во бањата париска
Водени во нозе
Водени во страст
Водени во капки
Водосвет
Водевме Љубов
Ни тропаа црни раце
по ѕидови по врати
Не слушнав, не слушна
Недочувме
Очув унинија раѓа
страста го мати умот во лажна вера

На ул. "Руе де ла бонте" бр. 5-7
Во Бруџеллес  водеше љубов
Телефонот не ти беше достапен
Ти паѓаше мрежата
Ти паѓаше облеката
Ти паѓаше телото
Пред шините на метрото

Недалеку од клишето на Карењина
Мислата пред делата ита
Ко намера во страв што го оддава зборот
А зборот е лексема
Вагони од морфеми
Кој газат неповторлив ритам
Некогаш погрешно
Некогаш болно закачени
Живо боловило
Во сликите наши
Самопотлачени
Точки  во ХД резолуција самјачки
Ти паѓаше
Во Самосвет
Мојот го снема во провидение

**Заум :**

Да се слушав - ќе се слушнев
имаше букви што не врзуваа  вера**.**

## СТАНУВАМ

Се будам
Во вода што извира
Самоизвирена
Неповикана
Самодојдена
Самодотечена
Моќно ме облева
И плеви  поплава
Слика сум
Боја во утроба
Во утрава истопорена
Студено топла ништавна
Штавел што штави
На зелен разбој
Железна живот
Родив ли пролет ?

***Заум:**

А горко ми беше
Да го исплачам денот
Во прашања к а д е ?
Кога ми се  роди смртта

Го срушив светот
Да ја плачам љубовта
Утрина што солзи самрак без радост
Кој ми ја уби верата и каде без неа,
Кој Свет да фатам?

## СТООДАМСТОПАТИНАДЕНДАДООДАМ

Да ме чуеш ако мислам
Да ме видиш ако заборавам
Да ме викнеш да ти дојдам
И да знаеш ќе ти дојдам
Без гаќи
Како што думам и спијам

***Поум:**

Песна сум најтешка буква
што бара алка да врзе
монадична мисла
замисли пепел

## ШЕТАЧ НА ГРАФЕМИ

Тоа паѓа  - јас одам
тоа тежи  - го носам
и убаво ми е ...
осаменичка вода
ме жедни, ме мие, ме пие
толпа од тројство
свиткан капут
своднат ракав
шетач на графеми
кој крои простор низ чекор
со јанѕа што кине џебој
видено...
освен овогодишните диви
што паѓаат по глава
како топла среќа
на костен во лична бајка
прсти во дланка што стега
чуено...
како маѓепсани очи
што капат чад од душа
со лимен тропот
допрено...
како мирис од  споловило
сознаено...
научено...

испеано...
И што понатаму
освен гордоста
која ме срами пред Бога
Што немав одраз да скокнам во вера
па се дружам со Унамуно во тие
ходници на студ  очај и крв што врие
Па немам мисла
се крши мојот Логос
ко секира во пора
и боли
сечилото до заборав боли

**Наум:**

Мртво клопче од
букви и коноп
не  е живот
ако не е во
рацете на Аријадна

## ВРВКИ

Ги испокинав гласовите
Си простив...
Чајанкував жолто
Во сонувалница
Во дробеж од желби
Доволно долго
Спетлувам прсти
Врвки во смешен ритам
не ги вадам пред спиење
зборот е долг да биде врзувалка
За да те обврвам со себе
како папок во дланка
што тоне вплетен во златен конец

# ЉУБОВНИ КЕСИ

*хартиени како оригами лебдат
самo еднаш, само во едно време ...
во шепот ... во ехо што бега !

Тонам  во туч на фрлен клуч ...
Што се прашува додека паѓа дали ќе тоне
А веќе е долу
Како цилиндер без обвив
Во платно од алга ткаен
Непотопливо што плови
И од и кон себе
Белег што бродари
Што копнее тло
Јасневина што јастви

*јаслибевштобешетипанетевидовнисебесинименеси

Да вјавам  виделина
Да горнам ѕид
Да изгреам вплов во себе
Да се смирам
Да се упокојам
Колку сакаш толку боли

Отсега се е твое

Ширум ти се вратите постелите
Сите соби хотелски и приватни пансиони
Ресторани пицерии кафулиња
на висока нога треба

диктатот е природа по нужност
и вистина во пораз
Градови отворени со зинати усни
се за тебе
се тебе ти било
што те чекало дошло
отвори му порти
било за тебе да биде
Се е твое
сите момчиња, мажи и мажишта
сите вдовци и разведеници
сите девојки и жени
сите деца
Сите Самјанки и сите Самјаци
Се е твое
и песокта и плажите и зрната
и камењата и тротоарите
и градовите
и реките и морињата и
Сета вода
Сето небо
Сиот воздух
Се е твое

***Заум:**

Мене ...
Остави ми го џиџето
Во левиот џеб
Во хартиена кеса

Во најцрна ноќ
Тивко ...
во сенка од шепот
Никој да не знае
Никој да не види
Некој да не ми го земе.
Зборомисла предтебе ме уби мене.

***Поум:**

Пеш до песните се стига
Пеш до љубовта и смртта
Пеш до себе

*Не го гледај плачот
**Мојсиетој**

## ИЛУЗИЈА

Боже татко си,
Боже мајка си,
дур бев дете ...

Сум ти, сумам ти, сумам Ви,
Сум ви грешел
Колку не сум сакал
Тежето во проште е груба срма
Што бразди брчки
И колку брчки толку борби
И колку стигми стигаат во соод
Кога паѓаш да бараш
Кога си горе
Да забараваш дека си долу
Доумот, далумот, далумеетот
Ја длаби браздата што не дроби
Без смисла илузија е
Дострел што нема стрел
Лажна цел е лажно да се мрее
Ајде да умреме заедно !

**Наум:**

Да се заборави се освен санките
и пареата во насмевките
во очите гласовите лизгаа легато
под подвозникот
под декимвриската ноќ.

Една камера опкускурна  сама по себе
ми го лови умот што слика израз што го давам
со двеочи  неминовно реална слика
што се топи во ритуал на чувства во сиви скали
Е ај да се лажеме до крај ...
Дека се  ова е свест
што особена суета
на личноста и дава...

*

Јас ќе го заборавам твојот
Ти нема да го дознаеш мојот
Аналогно ќе се бараме
Кога ти ќе бидеш таму а јас ваму
Ќе се поштедиме од опсцените други
Штом плунката како Бодријар ја џвакам
Твојата река е сува за мене
суво корито во талог од рељеф

## Г- 1 (035610)

Колкав е мртоводот
Мртоздивот
Р е а л и е  сред ветер во должина од километар
Во празнозборје во безреч  л и е
Во движ на  бездвиж бронза
Во здив одреден од де ен ка  до де ен морте
Што собира на куп и става во фиоки
во ментална и емотивна архива
За првата ...
Има необјасниво јасно - има досег !
Емотивното е драматичен неконтролиран
код
дишење
стрелка во насока
еден смер во посег
Безвремен  биеж на вселенски стакла
Во ракав страв
во толпа тропот
од налани што ближи и ежи...
само се прашам...
само се стравам...
Персона себевидена однадвор...
како по патот врви...
и думи
Што било лично не било за други

## Г- 2 (035611)

Тајна што шета срам
преоблачена во агнец
со летечка кожна крпа
го кваси денот со мирис на кисело тесто
привремено  везе  длаборез
од суетна суицидална слика
А јас треба да се прашам
И треба да одгласам
Еве јас сум
волонтер сведок
И што имам од тоа освен да се
Измирам со зебе

## Ѓ- 3 (035612)

Веќе е сеедно
Што мислиш а што говориш
Сеедно е што си привлечно одбивна
Како метална струготина што светка
одвнатре од другата страна на рѓосаното жезло

*(како фалусно гребло што се обликува на дребонг по мој калап)

Се се дроби..
Соковите испаруваат
Друго Сонце ќе ги спои
ќе ги стопи во оловна планина
што виси на невидлив конец
Ми останува да се измирам со стоте години
Јаловини во илузии

## Г- 4 (035613)

Ако не расплодило цвет
Било сланосано
Како прекрив од облак што лаже Сонце
А ете баш тој плод од латици розеви или бели
Со зелени токмаци што семат семе и значење
Што крстат мирис и ветрови
Токму тие ми беа потребни во едно време
да храбрат изнајден напор
Поимите се вселенска вечност
Мозаична слика од разнобојни камци
Зададена еднаш да копнеат сите
Од првиот до последниот за навек
Трагите се дробеж на карпи
И пустини со песок од зрна во различни нианси
И бои
Уште една илузија
светлосна жила што крши тишина
И црномрежје густо што ми ткае видовито
Да дочекам
Да долежам
Да се гушнеме со зборови

## ФИОКИ

Имам фиоки во станот
Фиоки во умот
фиоки врз мене
џебови полни дребулии
од дамнешно време
Имам фиоки во сонот
Скровито место
што таи тајнород
Ментални слики
наметки, обетки
графеми, прстени и санки
минато во ќоше
прикриено во кадиф

## МЕЃУОЧИДВЕОЧИВООЧИЕДНО

Во процеп од одлуки
Пред нов почеток
уморен од тој перпетуум-мобиле
тоа вечно враќање Ничеанско
кон прасостојба или архетип
шема ли е или диктат личен
Не сакав да те допирам на начин кој е кршлив
Сакав да те насетувам како близина на здив од уста
како допир на трепки
меѓуочидвеочивоочиедно
оддалечено тристотиотдел од милиметарот
како нано
најтоплото име за грижа
како најмалоголемиот изум во ирис

## БОЛТАБОЛИБОИ

Коганемаима
Немакогаима
Имакогаменема
Имакогатенема
Имакоганенема

Кога нема да има кој да чита
хартијата ќе биде дамножолта
ќе биде заборавен болот на буквите
и душата со точките
ќе нема сведоци
ќе нема море и мирис за пиење
Љубовта ќе љубува
Болта ќе болува
Животот ќе живува
Смртта ќе смрттува

Животецов само ни замесил колачи од облаци
во розево тесто облечени
со црни нараквици
да биде посвечено

со копчиња на ракавите
Ко очиња на идни деца
Привид во лексеми
Истородниистории
Недорекувам...

**Поум:**

Мислев се имам дадено
што ми е дарувано...
само погрешно монистрите сум ги нанижал
па ми стежнал герданот околу вратот
и веригата околу прстот
а ниту герданот
ниту вратот
ниту прстот не биле мои
не ги бев препознал
болтаболибои

## ВИРТУЕЛНО СЕЌАВАЊЕ

Подготви се со броеви
Со слушалки за уво
мирисот го имаш на Хот-бирд
или на
љубецЖsахоо.цом
Со скрин и слика што ги движи
моите долни усни
во боја на безжичен микрофон
што ќе го закачиш "он деманд"
Мирис  во вреќичка од  квадрати
меѓунозе да те допрат вибрите
да ти раскокаат видрите
во долнота креста која крика
и раѓа роса
да те излазат водите по столбот
над мостот што мрести младеж
Кога неможеш поинаку
Врати ми ги децата
по автострада
без наплатни рампи
*на мој трошок ...

**Поум:**

Дигитален ти е допирот
во ритам од боцлив јазик
со кас во еххооо
што губи трага.

## Моја е песната

Моја е драмата,
Моја е маката
Да ја разлачам и песната и драмата
Моја си е како воздив и издив.
Херметички затворен автобус
Со слики на реа и смрдопис
Јавачи во надеж...
Што се тискаат во фротаж од комплекси
А бараат откуп во фотореализмот на Караваџо
Идила на осамена толпа во глобален кас
Што бара желби по инерција на код
Информатичката автострада е  издолжен фалус
Пат по кој склоклоткаат генерации женски плазми
Со јазици во спермоспров што топли и плоди
А  се уште се мокри во шишиња од кои што се пие
Декодирам во недостиг од севремен државен тоалет и стерилна амбалажа
Се е вмрежено  во глобален лисичарски ланец  - велам ...
Моја е песната не ја давам.

## Поум:

Да те жалам, да се жалам,
да те плачам, да се плачам

и пак нема да достига мојата самост
која скоравила корка од девет теста
во плашт од Синнадеж.

## СОНЦЕ МОЕ

Да не си солтала  перници осолена
Да не си јавала перјаници оперјана
Талкации да не си талкала оталкана
Во невратија далека
Дал да ти врзам крпче
Партаалово
На Климентово дрво...
На маслинова  гранка
За аарно да ми ти оре родот
Во денот што го газам што го газиш
А зад кого
Зад кој  пат да се прашам во прав да се створам
поситно од солта да се зближам да те облизнам
Да се прашам да те опрашам
Толчник ли сум што чека  аван да  мава или
Богомолски крилца  го поленат плодот
Или да ме голтне да ме јаде солта што ми ја дари,
што ме најде, што те најде, што ја најдов, што ја зедов,
што се изодев, што се изедов јалов.

**Заум:**

Тајните го штитат срамот
да го трујат духот
со жолта срма од конци

Ќилим што плови во крвоток од страсти
Во присила одговор нема
Се истроши времето во зрелост
ко златна маслинка што паѓа во мудрост
И во падот  благодети благодар
еден чекор е еден ден
една слика една младост
едно пладне што зрее старост
Ада што плови
деца сме од букви и солзи и
полни зборови вагони

Љупчо Стојановски
**ШЕТАЧ НА ГРАФЕМИ**

Издавач
ДИЈАЛОГ

Скопје
2006